Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Службен гласник на општина Струмица” број 4/03, 2/06,15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање јавна анкета и јавна презентација за изработка на Урбанистички план за село Просениково, општина Струмица**

**Член 1**

Се организира јавна анкета и јавна презентација за изработка на Урбанистички план за село Просениково, општина Струмица. Планскиот опфат го опфаќа селото Просениково, општина Струмица, на подрачјето на КО Просениково и КО Просениково вон г.р.

Површината на планскиот опфат изнесува 50.1075 Ха.

**Член 2**

Одлуката за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи , на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

**Член 3**

Јавната анкета ќе трае од 26.11.2021 година до 10.12.2021 година, а јавната презентација ќе се одржи на ден 26.11.2021 година во 11:00 часот во просториите на Дом на Култура, село Просениково.

**Член 4**

УП за село Просениково, Општина Струмица, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” бр.34.

**Член 5**

Заинтересираните физички и правни лица можат на анкетни листови да достават забелешки и предлози по Нацрт планот, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.09-7365/2
19.11.2021 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов